**ДИСЦИПЛИНСКИОТ СОВЕТ ПРИ НОТАРСКАТА КОМОРА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА,** во совет составен од Муамет Шеху, претседател на советот, Филип Трифуновски, Антоанета Димовска, Субхи Јакупи и Фиданка Рајевска, членови на советот, со записничар Тања Илиќ, во дисциплинската постапка против нотарот С.С од Скопје, по одржаната расправа согласно член 20 од Правилникот за дисциплинска одговорност и дисциплинска постапка на Нотарската комора на Република Северна Македонија, во присуство на нотарот, на ден 9.11.2023 година, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Нотарот С.С од Скопје, **виновна е** за сторена дисциплинска повреда од член 138 став (1) алинеја 8) од Законот за нотаријатот, поради тоа, што во постапката за издавање на решение за дозвола за извршување врз основа веродостојна исправа по предлог на доверителот Снабдување енерџи Б.Е. Дооел Скопје, против должникот од Скопје, со решението УПДР бр. 2374/16 од 11.4.2022 година, го одбила како неосновано барањето на должникот за укинување на потврдите на правосилност и извршност ставени на решението УПДР бр. 2374/16 од 7.9.2016 година, меѓутоа Основниот суд Скопје 2 Скопје, одлучувајќи по приговор на должникот, наведеното решение го укинал со решението 6ПЛ1-П-197/22 од 6.10.2022 година, и предметот го вратил на повторно одлучување и постапување кај именуваниот нотар со пропратно писмо од 19.12.2022 година. Во натамошниот тек на постапката, по достава на претставката до Нотарската комора на ден 24.1.2023 година, а по протек на шест месеци, нотарот донела решение под УПДР бр.2374/16 на ден 30.6.2023 година, со кое повторно одлучила по барањето на должникот за укинување на потврдите на правосилност и извршност ставени на решението УПДР бр.2374/16 од 27.9.2016 година, на кој начин постапила спротивно на член 6 од Законот за извршување, со кој е уредено прашањето на итност во постапувањето и преземање на дејствијата веднаш, а кој го обврзува и нотарот бидејќи постапува согласно со членот 16 - а) до 16 – ж) од наведениот закон, поради што се казнува со дисциплинска мерка – **писмена опомена.**

**О б р а з л о ж е н и е**

Во предлогот на Нотарската комора на Република Северна Македонија, за поведување на дисциплинска постапка бр. 02 -910/1 од 21.07.2023 година, се укажува дека именуваниот нотар постапувајќи на начин опишан во диспозитивот на решението сторила дисциплинска повреда по членот 138 став (1) алинеја 8) од Законот за нотаријатот, со предлог

да биде изречена соодветна дисциплинска мерка. Со одговорот е приложена копија на списи на предметот УПДР бр. 2374/16;

Со предлогот е приложена копија на списи на предметот УПДР бр. 2374/16;

Во текот на дисциплинската постапка именуваниот нотар во својата одбрана, изнесена во поднесокот доставен до Нотарската комора и усмено на расправата, детално го опишува текот на постапката по предлогот на доверителот Б.Е. Дооел Скопје, по предметот УПДР бр. 2374/16, за издавање на решение за дозвола на извршување врз основа на веродостојна исправа. Посебно се појаснува начинот на кој е вршена доставата на писмена до должникот во текот на која е побаран и податок од страна на МВР Скопје. Смета дека со оглед на тоа што доставата на решението за дозвола за извршување врз основа на веродостојна исправа УПДР бр. 2374/16 од 27.9.2016 година, е извршена согласно со Законот за нотаријатот, има донесено решение со кое се одбива предлогот за укинување на потврдите на правосилност и извршност. Бидејќи против решението УПДР бр. 2374/16 од 30.6.2023 година, е изјавен приговор списи на предметот, на ден 18.7.2023 година, се доставени на натамошно постапување и одлучување до Основен граѓански суд Скопје.

Во текот на дисциплинската постапка, врз основа на оцена на наводите од Предлогот за поведување на дисциплинска постапка, одбраната на нотарот и на изведените докази, Дисциплинскиот совет ја утврди следната фактичка состојба по предметот :

Во текот на постапката за издавање на решение за дозвола за извршување врз основа веродостојна исправа, по предлог на доверителот Снабдување енерџи Б.Е.Дооел Скопје, против должникот XX од Скопје, за наплата на долг во износ од 2.674,оо денари, на ден 27.09.2016 година, нотарот издала решение под УПДР бр. 2374/16, на кое ставила потврди на правосилност и извршност на ден 24.04.2021 година. Од страна на должникот преку полн. И.М, адв. од Скопје, на ден 8.4.2022 година, поднесено е барање за укинување на наведените потврди кое нотарот го одбила како неосновано со решението УПДР бр. 2734/16 од 11.4.2022 година. Меѓутоа, Основниот суд Скопје 2, одлучувајќи по приговор на должникот, наведеното решение го укинал со решението 6ПЛ1-П-197/22 од 6.10.2022 година, и списи на предметот го вратил на повторно постапување и одлучување до именуваниот нотар со пропратно писмо од 19.12.2022 година. Во натамошниот тек на постапката, по достава на претставката до Нотарската комора на ден 24.1.2023 година, заведена под 3- број 03-97/1 од 24.1.2023 година, при повторното постапување нотарот донела решение под УПДР бр. 2374/16 на ден 30.6.2023 година, со кое барањето за укинување на потврдите на правосилност и извршност повторно е одбиено како неосновано. Постапката по предметот

продолжува со достава на наведеното решение до Основен граѓански суд Скопје, на постапување и одлучување по приговорот изјавен од страна на должникот.

При напредутврдената фактичка состојба по предметот следуваше Дисциплинскиот совет да одлучи како во диспозитивот на решението поради следните причини: Имено, при утврдената фактичка состојба следува заклучокот дека именуваниот нотар, постапувајќи по барањето на должникот за укинување на потврди на правосилност и извршност ставени на решението УПДР бр. 2374/16 од 27.09.2016 година, постапувала спротивно на член 6 од Законот за извршување ("Сл. весник РМ" бр.59/11-пречистен текст), со кој е уредено прашањето на итност во постапувањето и преземање на процесните дејствија веднаш, а кој го обврзува и нотарот бидејќи постапува согласно со членовите 16-а) до 16 –ж) содржани во наведениот закон. Впрочем, и актуелниот Закон за нотаријатот, во делот кој се однесува на издавање на решение за нотарски платен налог врз основа на веродостојна исправа, и постапувањето по изјавен приговор против истото – членот 71 и 72, исто така, укажува на потреба од итно постапување. Во конкретниов случај, нотарот не постапила според цитираната законска одредба, а на која околност не дава појаснување во изнесената одбрана. Бидејќи списи на предметот УПДР бр.2374/16 до нотарот и' биле вратени со дописот на Основниот суд Скопје 2 од 19.12.2022 година, следува заклучок дека од страна на нотарот не е почитувана итност на постапувањето нормирана со наведениот член 6 од Законот за извршување, бидејќи од доставата на списи на предметот до денот на донесувањето на решението УПДР бр. 2374/16 на ден 30.6.2023 година, поминало шест месеци, што не може да се оцени како итно постапување во смисла на цитираната законска одредба. Со одолговлекување на постапката може да настапи штета како на доверителот, бидејќи не може навремено да го наплати своето побарување, кое датира од 2016 година, но исто така и на должникот XX од Скопје, бидејќи поради одолговлекување на постапката тече законската казнена камата која ќе мора да ја плати во случај ако предлогот за издавање на решение за дозвола за извршување врз основа на веродостојна исправа, е основан.

Со ваквото постапување нотарот сторила дисциплинска повреда по член 138 став (8) од Законот за нотаријатот – „одбивање без оправдани причини, одложување или несовесно исполнување на обврските определени со закон, подзаконските акти и актите на Комората".

Дисциплинскиот совет ја ценеше изнесената одбрана на нотарот меѓутоа ја оцени како неоснована бидејќи не укажува на ниту една објективна причина поради која дошло до одолговлекување на постапката.

При одмерување на дисциплинската мерка Дисциплинскиот совет ги ценеше околностите од членот 133 став (2) од Законот за нотаријатот и членот 23 став (1) од

Правилникот за дисциплинска одговорност и дисциплинска постапка, кои се од влијание врз видот и висина на казната. При тоа, Дисциплинскиот совет го имаше предвид фактот дека нотарот досега не е дисциплински казнувана, нејзиното поранешно вршење на работите, како и фактот дека списи на предметот УПДР бр. 2374/16, постапувајќи по приговорот на должникот изјавен против решението од 30.6.2023 година, до Основен граѓански суд Скопје, ги доставила во рокот согласно со членот 72 став (3) од Законот за нотаријатот, поради што, согласно со членот 138 став (1) од наведениот закон, е изречена дисциплинска мерка – писмена опомена.

Дисциплинскиот совет очекува дека изречената дисциплинска мерка – писмена опомена, воспитно ќе влијае врз нотарот во иднина да не ја повтори воочената грешка и дека своето работење ќе го усогласи со Законот за нотаријатот и подзаконските акти врз основа на кои ја врши нотарската служба.

Поради наведеното е одлучено како во диспозитивот на решението, согласно со член 24 став (2) алинеја 3) од Правилникот за дисциплинска одговорност и дисциплинска постапка на Нотарската комора на Република Северна Македонија.

**Претседател на советот,**
**Муамет Шеху**

ПРАВНА ПОУКА: Против решението може да се изјави жалба до Второстепениот дисциплински совет во рок од 8 дена по приемот на истото;

ДН: Нотарот;
Архивата;
По конечноста до Министерство за правда;